

***Во ова продолжение за читателите на  порталот „Македонска нација“ ќе претставиме дел од „Библискиот речник“, преку имињата, зборовите, изразите, називите,  лексикографските термини...: од Таблици на Законот - камени плочи на кои се напишани Де
сетте Божји заповеди – до
Тел Авив
- брег на плимата; на
селба на еврејските изгнаници, на
брегот на реката Кебара и во
близина на Нипур***

**Таблици на Законот** - камени плочи на кои се напишани Десетте Божји заповеди; им биле дадени на Израелците преку Мојсеј на планината Синај (2 Мој 20,1-17;32,15). Во поширок облик дадени се во 5 Мој 6-21 и во 2 Мој 34. Антички назив за Десетте Божји заповеди е Декалог.

**Тавита** - ,,срна", христијанка од Јафа, која според Дап 9,36-43 апостолот ја вратил во живот.

**Тавор** - височинка на 588 м надморска висина, северно од рамнината Језраил, граница меѓу племињата на Нефталим, Зевулон и Исахар (Ис 19,12.22.34). На нејзиниот врв Варак ги собрал Зевулон и Нефталим во борба против Сисар (Суд 4,6.12.14} иго поразил (Суд 5). Според 5 Мој 33,18 таму било и светилиштето на Исахар и Зевулон, она истото што се напаѓа во Ос 5,1. Преобразувањето на Исус Христос опишано во Мт 17,1-9 и возвишувањето опишано во Мт 28,16, се случиле токму таму. Новозаветниот текст тоа не го потенцира.

**Талант** - в. Пари. Не може точно да се одреди дали означува тежина или пари, зашто и парите се мереле.

**Тадеј** - *одважен;* единствено во Мт 10,3 и Мк 3,18 се споменува како еден од апостолите. Се претпоставува дека е истата личност спомната во други новозаветни книги, Лк 6,16 и Дап 1,13, како Јуда, братот на Јаков. Не се знае ништо за неговиот живот и делувањето.

**Тадмор** - Палмира, во елинскиот период, град-оаза во сириската пустина{2Лт8,4).

**Тајна објава** - Откровението на апостолот Јован.

**Тајни учења** - учења на гностичките кругови на лажни учители кои се занимавале особено со родословијата од 1 Мојсеева и оттаму извлекувале најфантастични заклучоци за светот и неговиот постанок. Тие учења ги има во вид апостолот Павле во 1 Тим 1,4 и Тит 3,9.

**Талитха куми** - *девојко, стани,* зборови на арамејски искажани од Христос (Мк 5,41).

**Талмај** - потомок на Анак (4 Мој 13,22; ИН 15,14; Суд 1,10).

**Талмуд** - *учење, проучување.* Некаде околу двестотата година по И.Х. довршена е исцрпна збирка закони - Мишна, со цел СП да се приближи до секојдневниот живот. Во вековите што следат таа е надополнувана со толкувања и дополнувања, и новата збирка што настанала е наречена Гемара. Мишна и Гемара го сочинуваат палестинскиот Талмуд, кој е завршен околу 400 г. Вавилонскиот Талмуд е по исцрпен, довршен е околу 500 г. и заедно со СП го сочинува темелот на еврејското верување и учење до денешен ден. Го содржи толкувањето на Петтокнижието, мудри изреки, научни приказни итн. Претставува значаен извор за разбирање на СП.


TALMUD





**ПЕТКО ЗЛАТЕСКИ И**



**СЛАВЕ КАТИН**